# ИНФОРМАТОР

www.vitaminka.company

Бр. 31 декември 2023



Фокус на

**Стоби Флипс и Брилијант се најпознати брендови во 2023 година**

Стр. 4

Фокус на ...

**Витаминка ја поттикна мојата лична амбиција и ме мотивираше за професионално надградување**

Стр. 5

Издвојуваме

**Позитивни искуства од дуалното образование по германски модел**

Стр. 16

# СОДРЖИНА




**Стр. 4**

**Стоби Флипс и Брилијант се најпознати брендови во 2023 година**



**Стр. 11**

**Обука за KAIZEN вештини за подобрување во личниот, социјалниот и работниот живот**



**Стр. 19**

**Правниот сектор на Витаминка дел од првиот Легал бизнис регионален форум**



**Стр. 21**

**Целосниот асортиман на Витаминка, изложен пред стручната јавност на Интерфуд & Дринк и на Ануга 2023**

**Стр. 25**

**Витаминка и Калиопи - безвременско дуо**

**Стр. 30**

**Tastify ќе сведочи за бескрајна кулинарска фантазија и вештини**





*За почеток...*






*Фокус на ...*

# Стоби Флипс и Брилијант се најпознати брендови во 2023 година

Стоби Флипс е најпознатиот бренд во категорија флипс, а Брилијант во категоријата сончогледово масло, според истражувањето „Најпознати брендови 2023-та година" на Агенцијата за истражување и консалтинг Инсајдер ИД. Истражувањето е спроведено со директно интервјуирање на 1 200 потрошувачи на територија на целата држава, од кои
86% проценти го избрале Стоби Флипс како најпрепознатлив бренд, а 49% сончогледовото масло Брилијант.

Популарноста на Стоби Флипс отскокнува далеку над другите брендови во оваа категорија и продолжува во континуитет со речиси изедначено учество со претходните две години, со што си ја потврдува позицијата како најпрепознатлив бренд на домашниот пазар со најголем процент препознатливост од потрошувачите во сите категории.
Анализирани се вкупно 16 категории на производи, а Витаминка е една од двете компании застапени на оваа листа со два водечки бренда во своите категории.

Инсајдер ИД веќе 4-та година по ред го спроведува истражувањето во кое учествуваат сите брендови од домашно или странско потекло, достапни во малопродажба на домашниот пазар и нуди увид во популарноста на брендот, довербата и изборот на потрошувачите.








*Фокус на ...*

# ОБУКА - HACCP и основи на предподготвителна програма (FOOD SAFETY), FOOD FRAUD, FOOD DEFENSE, ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА, ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, RA, RSPO, HALAL

**1. Која е суштината на HACCP?**
HACCP се базира на ПРЕВЕНЦИЈА.

**2. Што опфаќа HACCP?**
HACCP е систем на правила кои го опфаќаат целиот синџир на преработка на храната од НИВА до ТРПЕЗА

**3. Што е безбедна храна?**
Храна која нема да предизвика несакани последици по здравјето на луѓето.

**4. Што е опасност?**
Опасност е потенцијал да предизвика штета по здрвјето на луѓето.

**5. Поделба на опасностите кои може да ја онечистат (контаминираат) храната:**
- Микробиолошки (квасци, мувли, бактерии...)
- Хемиски (алергени, средства за чистење, пестициди, хербициди, бои, адитиви...)
- Физички (дрво, метал, стакло, пластика, влакно, камен....)

Крос-контаминација (вкрстено загадување)

**6. HACCP - Hazard Analysis Critical Control Point – Анализа на опасностите во критичните контролни точки.**

**7. Кои се HACCP принципите?**
- Дефинирање на ОПАСНОСТИТЕ по безбедноста на производот (Анализа на опасности), ДЕФИНИРАЊЕ НА КРИТИЧНИТЕ КОНТРОЛНИ ТОЧКИ (CCP), нивно РЕДОВНО НАДГЛЕДУВАЊЕ, ВОДЕЊЕ ЗАПИСИ ЗА
- НИВНА РЕДОВНА КОНТРОЛА, дефинирање КОРЕКТИВНИ МЕРКИ доколку процесот излезе од контрола

**8. Што е КРИТИЧНА КОНТРОЛНА ТОЧКА?**
Тоа е дел од процесот каде постои можност од појава на опасност по производот доколку не се контролира и надгледува.

**9. Која е улогата на операторот со храна?**
Операторот треба да ги исполнува активностите кои се дефинирани во описот на неговото работно место, максимално посветено и совесно. За секоја промена или проблем ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА ГО ИЗВЕСТИ ШЕФОТ на погонот

**10. Што е обврска на работникот пред влез на работното место?**
Работникот навреме треба да дојде на работното место, да се преоблече во соодветната ХТЗ опрема, да постапи според работните упатства за лична хигиена: да не носи накит, да не носи мобилен телефон, да не внесува лекарства во погонот, да нема шминка и несредени нокти, да ги измие рацете според Упатството за миење раце

**11. Што е обврска на работникот после влез на работното место?**
Работникот да го провери работното место, алатите со кои работи, чистотата на работното место

**12. Што е суштината на HACCP? - ТИМСКА РАБОТА**

**13. Што е Food fraud?**
Food fraud е постапка на намерно менување, погрешно означување, замена или манипулација со кој било прехранбен производ во која било точка на синџирот на снабдување со храна од фарма до трпеза заради финансиска придобивка. Food fraud во кратки црти би значело фалсификување или лажирање на храната. Измамата може да се појави во суровината, финалниот производ или пакувањето на храната

**14. Производи кои најмногу подлежат на измама (Food Fraud) се:**
Маслиново масло, млеко, кафе и чај, вино, риба, зачини, мед, овошни сокови, жита, органска храна, месо

**15. Што е Food defense (Одбрана на храна)?**
Food defense е заштита на прехранбените производи од намерна контаминација или фалсификување заради предизвикување штета на јавното здравје или економско нарушување.

**16. Кој може најчесто да предизвика намерна контаминација на храната?**
Генерално,fooddefenseпредизвикувачитеможедасекласифицираатво3категории:незадоволенработник, способен инсајдер (тенденциозно настроен да направи штета), интелигентен надворешен противник со одредена намера и цел (желба да се разниша брендот, името на компанијата, тероризам итн).

**17. Што е Интегрирана политика?**
Интегриранаполитикаеполитиканакомпанијата(документ)вокојасенаведениопштитевредности,заложби, квалитети и цели на команијата, визијата и мисијата, насоката во која се движи компанијата, при тоа почитувајќи ги и задоволувајќи ги барањата на сите законски и подзаконски акти и меѓународни стандарди.

**18. Што е ISO 45001?**
ISO 45001 е меѓународен стандард за здравје и безбедност при работа.

**19. Поделба на опасностите поврзани со работното место:**
здравствени, физички, опасности по животната средина

**20. Како да се однесува вработениот на работното место за да избегне можна повреда или болест?**
На работното место секој вработен треба да се придржува на правилата за работа наведени во работните упатства и процедурите за кои е обучен, да ја почитува сигнализацијата која е поставена околу работното место (визуелна и звучна сигнализација), да ја носи работната облека и опрема со која е задолжен.

**21. Можни повреди на работно место**

**22. Што е ISO 14001?**
ISO 14001 е стандард за заштита на животната средина.

**23. На кој начин може да придонесеме за заштита на животната средина?**
Со селекција на отпад, повторна употреба на одредени производи (материјали), рециклирање, филтрирање на издувни гасови, обновливи извори на енергија.

**24. Што е ISO 50001?**
ISO 50001 е меѓународен стандард за управување со енергијата, односно заложба на компанијата за подобрување на менаџирањето со енергетските аспекти

**25. Што би подразбирало управување со енергијата на работното место?**
Управување со енергијата на работното место значи внимателно, свесно и наменско користење на сите енергетски ресурси (вода, струја), исклучување на машините кога не се работи итн.

**26. Што се стандарди за одржливост (Sustainability)?**
Терминот одржливост (Sustainability) нашироко се користи за означување на програми, иницијативи и акции насочени кон зачувување на одреден ресурс. Терминот се однесува на четири различни области: човекова, социјална, економска и животна средина - познати како четири столба на одржливост.

**27. Што е RA (rainforest alliance)?**
RA (rainforest alliance) е меѓународен стандард кој се грижи за одржливост на животната средина, преку заштита на прекумерно сечење на прашумите во тропските предели. Во нашата компанија овој стандард го имаме за КАКАО СУРОВИНИТЕ во погоните ЧОКОЛАДА, КРЕМОВИ,

**28. Како ќе препознаеме дека некоја компанија го има стандардот RA?**
ЧОКОЛАДИРАНИ ПРОИЗВОДИ И КЕКСИ.
Ако некоја компанија го има имплементирано и сертифицирано стандардот RA, тогаш на пакувањето на производот треба да го има следниот знак (симбол):

**29. Што е RSPO (roundtable on sustainable palm oil)?**
RSPO (roundtable on sustainable palm oil) е меѓународен стандард кој се грижи за одржливост на животната средина, преку заштита на прекумерно сечење на прашумите во тропските предели за садење на палмини дрвја на нивно место.

**30. Како ќе препознаеме дека некоја компанија го има стандардот RSPO?**
Ако некоја компанија го има имплементирано и сертифицирано стандардот RSPO, тогаш на пакувањето на производот треба да има еден од следните знаци (симболи):

**31. Што е Зајакнување на жените (Women's empowerment)?**
Зајакнувањето на жените може да се дефинира како промовирање на чувството за самопочит кај жените, нивната способност да го одредат сопствениот избор и нивното право да влијаат на општествените промени за себе и за другите

**32. Што е Родовата еднаквост (Gender equality)?**
Родовата еднаквост во работната сила значи да се плаќа иста плата за еднаква работа, без разлика на полот. Тоа значи и дека, ако жената земе слободно време од работа за да земе породилно отсуство, на пример, нема да биде казнета кога ќе се врати на работа.

**33. Што е дискриминација?**
Дискриминацијата значи да се третираат некои луѓе поинаку од другите.
HALAL е стандард кој се однесува на лицата припадници на исламската вероисповест. Се темели на

**34. Што е HALAL?**
HACCP принципите + одредени специфични барања на верниците муслимани.

Информатор

2




5




8




7




8




12




12




14




19




21



21



21



23



25




26



28




30




34




34




**ИМАЈ ДИСЦИПЛИНА И СОВЕСНОСТ!!!!**





*Фокус на ...*

# Обука за KAIZEN вештини за подобрување во личниот, социјалниот и работниот живот



Како се случуваат промените во една организација? Дали е тоа преку големи иницијативи или е дел од тековниот начин на кој се работи? На некои видови промени неизбежно им е потребен голем проект, што значи месеци напорна работа, големи буџети и пресврт. Прашања и дилеми што многумина ги имаат. Сето тоа беше дискутирано на петтиот конгрес за Lean & Kaizen организиран од Менаџмент центар Белград (MCB). Игор Јаковлески, Ангела Караѓулеска и Олга Ристеска беа тројцата претставници од Витаминка заедно со уште над 500 учесници, претставници на врвни компании од Србија и соседството.

Во склоп на конгресот имаше и обука за вештини за подобрување во личниот, социјалниот и работниот живот, а како дел од обуката беше и студиска посета на една успешна фабрика, овој пат InMold Пожега, со цел на лице место да се виде примената на знаењата од Lean & Kaizen методологијата.

Обуката за Lean & Kaizen се базира на KAIZEN, признат ширум светот како суштински столб на долгорочната конкурентна стратегија на една организација. Од воведувањето на овој термин како систематски пристап кон подобрување на бизнисот, компаниите кои го имплементираат KAIZEN постојано даваат супериорни резултати.

KAIZEN значи подобрување "change (kai) for the good (zen)", односно континуирано подобрување во личниот живот, социјалниот живот и работниот живот. Кога се применува на работното место, KAIZEN значи континуирано подобрување што ги вклучува сите – и менаџерите и работниците.

Постојат 5 фундаментални KAIZEN принципи кои се вградени во секоја KAIZEN алатка и секое однесување на KAIZEN:

- Know your customer - запознајте го вашиот клиент (креирајте вредности на клиентите, идентификувајте ги нивните интереси за да го подобрите нивното искуство),
- Let it flow - оставете да тече (таргетирајте нула отпад, секој во организацијата треба да постави своја цел за намалување, односно елиминирање на отпад),
- Go to GEMBA - одете на Gemba (следете го процесот зашто вредностите се создаваат таму каде што се случуваат, одете таму!),
- Empower people - поттикнете ги луѓето (организирајте тимови, поставете цели и воспоставете систем на алатки за нивно постигнување),
- Be transparent - бидете транспарентни (зборувајте само со точни и релевантни податоци, достигнувањата и подобрувањата мора да бидат достижни и видливи од сите).

Имплементацијата на овие 5 принципи во секоја организација е фундаментално важна за успешна култура на континуирано подобрување и е стартна точка која може да означи пресвртница во напредокот на квалитетот, продуктивноста и односите меѓу вработените и менаџментот.

Еден многу важен јапонски термин поврзан со KAIZEN е MUDA, што значи отпад. KAIZEN се залага за намалување на отпадот преку елиминирање на прекумерното производство, подобрување на квалитетот, поголема ефикасност, помалку време на мирување (застој) и намалување на непотребните активности (чекори во еден процес). Сето ова значи заштеда на трошоците и може да ги претвори потенцијалните загуби во профит. KAIZEN филозофијата била развиена за да се подобрат производствените процеси и тоа е еден од елементите што доведоа до успех на јапонското производство преку висок квалитет и ниски трошоци.

Голем дел од фокусот во KAIZEN е на намалување на „отпадот", а овој отпад има неколку форми:

**Movement**

- Движење на материјалите пред да им се додаде дополнителна вредност,
- Луѓе кои се движат од една зграда до друга за тет - а - тет состаноци, кога виртуелните состаноци може да ја дадат истата вредност,
- „Менталното" движење може да биде еден вид отпад, кога луѓето се префрлаат од една работа на друга, пред да заврши првата работа.

**Time**

- Време поминато на чекање
- Чекајќи да започне некој состанок заради колеги кои каснат,
- Непотребно барате документи бидејќи не сте поставиле ефикасен систем за поднесување и следење на документи.

**Defects**

- Дефекти кои бараат дополнителна работа за да се поправат или производи кои треба да се фрлат
- Менаџер кој препишува извештај затоа што не го обучил целосно помладиот член на тимот да го направи тоа,





- Преработка или фрлање на производот поради несоодветно и нецелосно истражување или затоа што е направено пред да се донесат клучните одлуки.

**Overprocessing**

- Прекумерна обработка - да се вложи многу повеќе на производот отколку што е потребно за да му се даде на клиентот максимална вредност за парите.
- Трошење време за додавање боја на документ или извештај што ќе се испечати црно-бело за дистрибуција на состанок,
- Читање на материјал подетално отколку што е потребно,
- Поканување повеќе луѓе на состаноци отколку што е потребно.

**Variations**

- Варијации – барање на други решенија нарачани кога стандардното решение е исто толку добро.
- Изработка на нов извештај посебно за една група кога постоечкиот извештај лесно може да се прилагоди за да одговара на нивните потреби,
- Создавање нови документи кога можете да поставите и користите стандарден образец.

KAIZEN е алатка од која може брзо да се има корист како поединец. Но, прифаќањето на KAIZEN со тимот ќе бара заеднички напор.









*Интервју*

# Витаминка ја поттикна мојата лична амбиција и ме мотивираше за професионално надградување

**Интервју со Ана Штерјоска Јанеска - Регионален менаџер по продажба - Извоз**

*Од каде поттикна иницијативата да аплицирате на Школата на Иванов?*

Идејата за надградување кај мене лично никогаш не избледела. Желбата и амбицијата за да научам повеќе и да постигнам повеќе, секогаш ми била како опција во животот. Оваа уникатна можност и иницијатива, што сесрдно ја прифатив произлезе од Витаминка. Од компанијата бев номинирана за учесник за годинашната Школа за млади лидери, со што компанијата ја поттикна мојата лична амбиција и ме мотивираше за професионално надградување. Со оглед на тоа дека високото образование го стекнав на странски универзитет од областа на економијата и бизнисот, како и врз основа на моите аспирации за нови предизвици, бев прифатена како учесник на истата.



*Со какви знаења се стекнавте во оваа школа?*

Големиот човек станува уште поголем откако целосно ќе се разбере себе сѝ, знае што сака, колку може и се движи кон целта. Никогаш не се плашете од предизвиците. Лидерството е моментот кога сме свесни за проблемот, знаеме или имаме идеја за решавање на истиот и преземаме акција. Да, ова сето звучи помалку декларативно, меѓутоа станува збор за создавање на мислење врз основа на овие постулати. Со вештините стекнати на оваа школа се создава цел еден систем на мислења, ставови и вредности со чија примена може многу да промените во кариерна смисла.

*Што ви овозможи школата?*

Годинешната обука на Школата за млади лидери беше на тема „Едукација-Трансформација-Лидерство". Ми беше чест што имав можност да слушнам за искуствата на реномирани професори, амбасадори, менаџери, доктори, секој од нив експерт во својата област, за тоа колку образованието е важно, но и дека работното искуство е она кое што нѐ трансформира. Разговаравме за низа теми поврзани со лидерството, како и влијанието на правното образование врз следната генерација лидери. Секому е потребно најпрво знаење, како би донеле добра одлука, од друга страна искуството понекогаш доаѓа и од носењето на не толку добри одлуки. На крајот од денот, промените кон подобро се тоа што нѐ движи напред.

*Дали и како знаењата стекнати на школата можете да ги примените во својата работа?*

Школата за млади лидери сама по себе ја зајакна мојата верба во светската трансформациска моќ на лидерството. Да се биде емпатичен, посветен, чесен е мојата движечка сила. Секојдневните мали проблеми и бариери би требало да ги оставиме настрана, секогаш треба да се гледа на позитивните нешта како би се движеле по трасата кон светла иднина. Овие работи и вештини ќе ми помогнат само поефективно, посуштинско и со поголем резултат да ги решавам сите предизвици на кои наидувам, дали во работниот ден, професионалните обврски или животни ситуации.

*Работа или образование, во што вреди да се вложува повеќе?*

Според мене едното се надополнува со другото, не би можела да кажам дека едното е помалку важно од другото. Инвестирајте во редовно надоградување на знаењето кое го имате. Верувајте во своето знаење, пронајдете го своето „Зошто?" и дозволете да ве води. И исто толку важно е да имате некој што стои позади вас, како што мене Витаминка ме поттикна на овој чекор и ми овозможи да си ги следам сонот и амбицијата.





*Актуелно кај нас*

# Позитивни искуства од дуалното образование по германски модел




Витаминка е една од компаниите кои што директно се вклучени во програмата за дуално образование и успешно ја спроведуваат веќе четири години со ред. Врз основа на тоа, во рамките на SUBEX – Suppliers Balkan Expo, традиционално организиран од страна на АНК – Делегацијата на германското стопанство се одржа панел дискусија за дуалното образование по германски модел, Витаминка го пренесе своето искуство од спроведувањето на оваа програма.

Од страна директорот на правни и општи работи Орде Ѓорѓиоски беше истакнато дека првата генерација која веќе заврши, инспирираше уште повеќе да се посветиме на реализацијата на програмата и да продолжиме со поддршката. Витаминка беше прва компанија која што понуди вработување на учениците кои што завршија четврта година и од пет ученици тројца се вработија, од кои двајца се на одржување и еден од нив директно во производство.

„Многу е важно во програмата да се вклучат повеќе компании и лично да се уверат дека во училиштата навистина има потенцијал и дека е потребна една поширока поддршка и од бизнис заедницата. Сигурни сме дека како учениците, така и нивните родители, ги препознаа предностите на ваквиот начин на учење, па во иднина ќе имаме и поголем број запишани ученици, а ние како компании ќе ги отвориме ширум вратите да одговориме на зголемените барања", истакна Ѓорѓиоски.





Во однос на прашањето за тоа – што е со учениците кои решија да продолжат на факултет, дали постојат опции за поддршка во текот на нивното студирање, па потоа да се вратат како инженери?, одговорот беше дека секако на крајот изборот е на самиот ученик дали ќе продолжи на факултет или не. „Во нашиот случај само еден од учениците изјави дека сака да го продолжи своето образование на еден од факултетите во земјава и дека ќе студира како редовен студент. Од другите ученици уште еден изрази желба да го продолжи образованието како вонреден студент и паралелно да работи, а од наша страна му беше понудена стипендија за студирањето", одговори Ѓорѓиоски.




Според искуството на Витаминка, она што прави разлика е третманот на учениците како индивидуи со капацитет или потенцијал да одговорат на барањата на компанијата, а не како бројки. Дополнително, практичната настава задолжително мора да биде дополнета и со нестандардни обуки, дебати и дискусии, а за да се мотивираат учениците и да се предизвикаат да размислуваат на актуелни теми.

„Значи, мора да се вметнуваат дополнителни содржини во реализацијата на практичната настава и да се работи индивидуално, за да се постигне таа конекција и ученикот да се чувствува како дел од програмата и компанијата. Треба да разбереме дека тоа се млади луѓе кои треба да бидат слушнати", дополни Ѓорѓиоски

Успешното спроведување на ова програма беше проследено и со извесни предизвици, како назначување ментори, луѓе од организацијата со соодветно искуство, кои што ќе одвојат од нивното време, од работата и ќе се вложат во програмата за да се постигне целта. За таа цел беа повикани неколку квалитетни кадри кои беа делумно ослободени од некои работни обврски и соодветно стимулирани. А за надминување на овој предизвик во понатамошното одвивање на програма, по стекнувањето доволно искуство, вработените дуалци ќе станат идни ментори. Предизвик беше и усогласувањето на програмите помеѓу училиштето и интерната на компанијата. Во тој дел соодветна помош обезбеди и АХК, па откако помина првата генерација, сега значително полесно се одвиваат работите.

Една од целите на Витаминка е да се сврти вниманието на родителите и пошироката јавност кон програмата на локално ниво, а за да се согледаат предностите и да се прими како атрактивна, се со цел поголем број ученици да се запишуваат на програмата.

Учесник како панелист од завршените ученици беше и Марко Сваќароски, сега вработен во Витаминка како одржувач на машини и опрема. Од негова страна беше изразена благодарност до компанијата за високото ниво на кое ја реализирала програмата, што било клучно за неговата определба да се вработи во компанијата и да запише високо образование на машински отсек на УКЛО во Битола, како вонреден студент.
На настанот беа доделени сертификати за положени завршни испити по германски модел на учениците кои завршија четврта година.

*Актуелно кај нас*

# Посета на печатница Хонинг - Хрватска




На покана на хрватската компанија беше реализирана едукативна посета на печатницата Хонинг во Хрватска, каде се печатат етикетите на добро познатите брендови „Гаврилович", „Лино" и слично. Колешките Татијана Иваноска и Аница Донеска од секторите Набавка и Развој беа претставници од Витаминка, заедно со учесниците од другите компании од регионот.

Посетата овозможи многу корисно искуство и информации за овој дел од работата. Упатувањето во работата на Хонинг, компанија што користи европски фондови за да ја намали емисијата на CO2 во воздухот и во планот за 2024 година им е поставување на соларни панели на површина од 2500 м2 (целиот покрив) со што ќе ја намалат емисијата на CO2 во воздухот за околу 100 000 кг / годишно, е можност да се учи од позитивен и успешен пример.

Во рамките на посетата беше организирана и едукативна работилница на темите: Иновативни трендови во развојот на флексибилната амбалажа предводена од Ана Миросевиц Доловски од POLO Handels GmbH (дел од корпорацијата Herma Green Mision); Предизвици во графичката индустрија во примена на концептот на еколошка одржливост од Лусија Враговиќ, инженер за истражување и развој и Перцепција на стварноста спроведена од проф. д-р Никола Мрвац, декан на Графичкиот факултет во Загреб.

*Актуелно кај нас*

# Над 350 работни места во компании од пелагонискиот регион

На Економскиот факултет во Прилеп се одржаа „отворени денови" и кариерен ден со цел спојување на потребите на бизнис секторот и академската заедница. Соработката на академската заедница и стопанството е пресудна за создавање соодветни кадри што ги бара пазарот на труд. Покрај Витаминка, на овој своевиден саем за вработување се претставија уште десеттина компании од пелагонискиот регион, каде се нудат над 350 работни места.

Бизнисот од академската заедница бара преструктурирање и соодветна работна сила соодветно на потребите на пазарот на трудот.

Ваквото спојување на бизнис секторот и академската заедница, со директно и отворено претставување на потенцијалите, во комбинација со практикантска работа носи многу поволни и позитивни резултати.

Во контекст на максимализирање на потенцијалите на ваквата соработка, Економскиот факултет годинава отвори и Центар за претприемништво.





*Актуелно кај нас*

# Конференција за Microsoft бизнис технологии

Растечките трендови и новини во индустријата се темите на кои се говореше на годинешната Digiton конференција. По минатогодишниот успех, втората конференција за Microsoft бизнис технологии со атрактивноста и применливоста на темата го привлече вниманието на деловната јавност со што Digiton Conference 2023 понуди побогата и поголема содржина. Дел од говорниците и панелисти на конференцијата се светски и домашни реномирани експерти од областа на Microsoft бизнис технологиите, меѓу кои и Microsoft MVPs. Експертите од земјава и регионот, меѓу кои и Васко Наумоски ИТ менаџер во Витаминка, во своите обраќања се осврнаа на предизвиците, дигиталната трансформација, вештачката интелигенција и нејзината примена во бизнисот.



Оваа година конференцијата беше поделена во два дела: Business Stream и Technical Stream. Настанот е организиран од водечката компанија за Microsoft решенија во Македонија, Axapta Masters и специјализираниот центар за обуки од областа на најновите Microsoft технологии, Axapta Learning Center.

*Актуелно кај нас*

# Правниот сектор на Витаминка дел од првиот Легал бизнис регионален форум

Повеќе од 300 правници од Србија, Македонија и Балканот учествуваа на првиот Легал бизнис регионален форум што се одржа во Златибор, Србија. Меѓу учесниците имаше 150 директори на правни служби од компании, адвокати, универзитетски професори, судии, нотари и други професионалци во правната професија. Форумот беше во организација на Српското здружение на корпоративни правници (UKP) и Стопанската комора на Србија, а партнер и поддржувач беше и Македонската асоцијација на корпоративни правници, која што се претстави со посебен панел "Arbitration - renewed perspective for the counsels and their companies in the region".

Како дел од македонската асоцијација, на форумот учество зеде и Директорот на правни и општи работи – Орде Ѓорѓиоски, претставувајќи ја „Витаминка".

Правниците, адвокатите, професорите и судиите дискутираа за повеќе важни теми и прашања поврзани со правните аспекти на дигиталното работење, управување со проблематичните побарувања, најважните чекори за усогласување на работењето со правото на конкуренција, правните аспекти на прекуграничното работење,

cybersecurity и управување со ризици, complience, правни операции и иднина на правната професија со влијание на inhouse правниците итн. Целта на Форумот беше да се направи стручна анализа на најактуелните теми во работењето, да се стави акцент на најважните теми на денешницата со акцент на новите технологии, да се поттикне регионалната соработка преку размена на искуства со експерти од соседните земји, да се унапредат личните компетенции и да се отворат прашањата за подобрување на положбата на корпоративните правници.







*Актуелно кај нас*

## Поддршка за одржување на Вториот самит за дигитализација на правосудството



Советот за координирање на информатичко - комуникациска технологија (ИКТ) во правосудните органи, во соработка со Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, а со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и TAIEX - Инструментот за техничка помош и размена на информации на Европската комисија, и под покровителство на Владата на Република Северна Македонија, го организира Вториот глобален самит за дигитализација на правосудството – Охрид 2023. Под мотото Зајакнување на правосудството - современи текови во дигитализацијата на правосудството во ЕУ, Поглавје 23, беа отворени теми кои директно се однесуваат на ефективноста на правосудните органи.

На самитот учествуваа 320 учесници од 25 земји од три континенти и тоа судии, јавни обвинители, адвокати, министри и други претставници од законодавната и извршната власт, претставници од државните органи и институции, претставници од ИТ компании, граѓански и меѓународни организации, обединети во единствена мисија да поттикнат и поддржат дигитална трансформација во правосудството и да ги споделат најдобрите практики за унапредување на пристапот до правдата.







Се зборуваше за дигитализација и актуелните процеси на дигитализација и дигиталната трансформација во судството како предуслов во процесот на скрининг и почеток на преговорите со ЕУ како и за процесот на дигитализација и дигиталната трансформација како предуслов за интероперабилност меѓу судовите и другите државни органи. А откако заврши дискусија на неофицијалниот дел, на сите учесници на самитот им беа поделени со пакетчиња со производи од Витаминка.





*Издвојуваме*

## Целосниот асортиман на Витаминка, изложен пред стручната јавност на Интерфуд & Дринк и на Ануга 2023

Со изложување на целосната слатка и солена програма, Витаминка и оваа година се претстави пред светската јавност на најголемиот саем за храна и пијалаци, Ануга којшто се одржа во Келн, Германија. Посетителите на штандот на Витаминка имаа можност да се запознаат и да ги пробаат производите на компанијата, посебно новитетите кои веќе ги предизвикаа првите позитивни импресии.

„Ануга е центарот на сите значајни произведувачи на храна и пијалаци и новите трендови и иновации на производи се од особен интерес. И самото учеството заедно со други производители од светски ранг е потврда за успешноста на Витаминка надвор од македонските граници и говори дека сте реномирано и значајно име во индустријата со храна. Ова секако отвора нови можности за деловни соработки, за нови пазари и проширување на присуството на брендовите на Витаминка", изјави Љупчо Велески, директор за извоз во Витаминка.

Покрај главното саемско претставување, Ануга нуди дополнителни активности и содржини, што го прави атрактивен не само за изложувачите, туку и за сопственици на малопродажни ланци, произведувачи на полупроизводи, трговци но и граѓани. Оваа година изложуваат околу 7 800 изложувачи од 118 земји од целиот свет кои се инспирираат од најголемиот избор производи и бараат можност за својот производ.

Покрај Ануга, во овој период во фокусот на Витаминка беше и Интерфуд & Дринк, најзначајниот саем за храна и пијалаци во Југоисточна Европа, којшто оваа година се одржа по 22ри пат. Најголемиот производител на кондиторски производи во Македонија со претставувањето на овој саем не само што ја зацврстува својата позиција на бугарскиот пазар, туку создава простор за отворање потенцијални нови пазари и нови пласмани.
„Саемите се еден од најдобрите модели за меѓусебно поврзување на економиите, тие се платформата за постигнување одржливост на системите за храна. Интерфуд & Дринк е многу популарен меѓу стручната јавност, а тоа што секоја година се надградува, придонесува за растечкиот интерес секоја година кај бугарските и странски компании, деловни делегации, трговски мисии и колективни странски учества. И тоа со причина затоа што овој саем е препорачана средина за размена на искуство и иновативни пристапи во производните процеси. Производите на Витаминка на овој пазар и за локалните компании се познати, меѓутоа токму растечката димензија на саемот и привлекувањето се поголем број изложувачи е нашиот таргет", истакна Александар Ѓуроски, шеф во Извоз.

Меѓународниот саем за храна, пијалаци, амбалажи и производствени апарати Интерфуд & Дринк е познат по тоа што претставува погодна средина за споделување искуство и иновативни пристапи во производните процеси. Освен од домашните компании, посетен е од голем број странски компании, дистрибутери, продажни ланци, деловни делегации, трговски друштва и слично.













*Во Витаминка*

# Поддршка за одржување на меѓународната конференцијата за комунални услуги во паметните градови

Витаминка го помогна одржувањето на 11тата меѓународната конференцијата за комунални услуги во паметните градови. Конференцијата во организација на Здружението на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија (АДКОМ) понуди нов поглед во комуналните услуги и нивниот развој. Врз основа на искуствата на комуналните претпријатија од различни градови во регионот беа спротивставени предизвиците и проблемите со кои се соочуваат, а со цел подобрување и зајакнување на нивните капацитети и квалитет.




Паралелно во склоп на конференцијата се одржа и саем на комунална опрема со техничка изложба на која повеќе од 20 компании ги претставија своите производи. На конференцијата, беа присутни повеќе од 200 учесници и претставници на јавни комунални претпријатија од Македонија, Србија, Црна Гора и Косово.

*Во Витаминка*

# Поддршка за одржување на Меѓународниот конгрес на радиолози

Како поддршка и во својство на општествено одговорна компанија Витаминка беше дел од 7миот Национален конгрес на радиолози со меѓународно учество. Стручниот настан содржеше 17 научни сесии со домашни и странски предавачи, кои ги презентираа најновите сознанија во развојот на дијагностичката и интервентната радиологија и беа споделени искуства од секојдневната работа со пациентите од референтните медицински центри од земјава и во светски рамки.

Преку презентирање на новите научни сознанија од страна на стручната јавност се демонстрираа заложбите за воведување на нови современи методи во третманот на пациентите, како и во едукација и споделување на нови искуства. Токму од ваквите заложби на меѓународни настани од ваков калибар, со размена на знаење, искуства и научни достигнувања, произлегуваат револуционерни откритија корисни во борбата за подобро здравје за сите.

Ова е еден вонреден и несекојдневен општествено одговорен ангажман, но поддршката на здравствен конгрес значи поддршка и грижа за општо добро.

*Вложуваме во образование*

# Детска благодарност за поддршката од Витаминка





Како благодарност за континуираната поддршка и помош децата од групата Детелинки, од ЈОУДГ Наша иднина, градинка Бончејца од Прилеп изработија слика и ја подарија на компанијата. Сликата плод на детската фантазија и креативност беше изработена целосно од децата и наменета за Витаминка.

На овој начин децата од градинката го одбележаа и Светскиот ден на детето, 20 ноември при што порачаа „Да останеш дете во душата е благослов. Така ги сфаќаш и разбираш потребите на децата и се трудиш да им ги задоволиш. Ви благодариме од срце што го негувате детето во себе, нè помагате и разбирате нас децата."

Витаминка како општествено одговорна компанија во повеќе наврати донирала или помогнала на каков и да е начин за градинката и воопшто воспитно-образовните капацитети во Прилеп. Поддршката на образованите процеси и поттикнувањето на најмладите на создавање позитивни вредности е еден од приоритетите на компанијата.

*Вложуваме во образование*

# Едукативните посети се секојдневие кај нас

Како што Витаминка е позната како најголем прехранбен производител во државата, така е сè попозната како компанија каде многу може да се види и да се научи. Ученици основци, средношколци и студенти, сите се во потрага по ново знаење и одговори на нивните прашања. Некогаш тие посети се наменски, односно насочени кон некоја конкретна тема што ја изучуваат, а некогаш се чисто запознавање со работата на компанијата, производниот процес и слично. Но, секогаш си заминуваат со ново знаење и со големи импресии од работата на компанијата. И со Витаминка пакетче.

Во посета на Витаминка беа учениците од ОУ Гоце Делчев Прилеп и ОУ Партенија Зографски од Скопје при што ја посетија Работната единица Флипс. Нормално, тие најмногу се радуваа гледајќи како се прави омилениот Стоби флипс.





*Вложуваме во културата*









Учениците од СОУ Ѓорче Петров Прилеп и СОУ Гимназија Мирче Ацев Прилеп ја посетија биохемиската лабораторија каде се запознаа со начинот на контрола на суровините, полупроизводите и производите на Витаминка, а им беа презентирани и некои хемиски параметри при испитување на полупроизвод.

Фокусот на интересот на студентите од Економски факултет Прилеп беше нешто сосема друго. Тие беа во посета на магацин (Логистика) каде се запознаа со напредните методи и стандарди применети во управувањето на овој комплексен и голем магацин.

Ученичките посети кај нас се чести и тоа е со причини, секој има што да научи. Воедно, едукативните посети се уважување за тоа што го претставува Витаминка денес и потврда за успехот и статусот што го уживаме во државата.

*Вложуваме во спортот*

# Се одржа и првото издание на Че трчаме



Првото издание на спортскиот настан „Че трчаме 2023" покажа дека ќе следат уште изданија. На градската трка во Прилеп трчаа повеќе од 1200 учесници кои што беа пријавени за учество на сите трки. Низ прилепските улици беа одржани три трки и тоа детска и две трки за возрасни на 5 и 10 километри на кои преовладуваше спортскиот дух.
Витаминка беше горд поддржувач на овој настан кој собра голем број вљубеници во рекреативното трчање и со тоа уште еднаш ја покажаа својата посветеност кон спортот и социјализацијата на граѓаните.
Освен со помошта за организирање на настанот, иницијативата за започнување на традиција на најголемата трка во градот, Витаминка како компанија чии вработени секогаш се стремат кон спортскиот дух ја поддржа и со својот тим од вработени кои ја претставуваа компанијата и кај кои не изостана интересот и пријавувањето за учество на трката, посебно на онаа во должина од 5 километри. Горди сме на нашите колеги кои успешно ја завршија трката.

*Вложуваме во културата*

# Витаминка и Калиопи - безвременско дуо




Со промоција на видео записот за песната „Кад осване" продолжува соработката помеѓу нашата естрадна ѕвезда Калиопи и најсилниот македонски бренд Витаминка. Овој видео запис е веќе трет по ред каде Витаминка, како редовен поддржувач на музичката продукција, ја поддржува Калиопи.

Во видео записот на песната „Кад осване" која е испеана на српско-хрватски јазик, Витаминка се појавува со брендот Атлантис како дел од сценографијата.
На овој начин, Витаминка се промовира како на нашиот, така и на сите околни пазари.

Зад музиката, текстот, аранжманот и продукцијата стои Ромео Грил, а видео записот е снимен во најголем дел на улиците во Скопје. Песната е снимена во ГМП студио во Базел, Швајцарија и Абра-Кадабра Студио Скопје, а песната ја снимале Дон Карло Џовани (Базел) и Бранко Попчевски (Скопје).





*Вложуваме во културата*

# Октомври во Штип живее во Макфест ноти

Триесет и осмото издание на фестивалот на забавна музика Макфест повторно го обележа месец октомври во Штип. И ова издание ќе се памети по многу нешта, но секако најмногу по песните што ги слушнавме испеани од млади пејачи, кои ја чекаат својата шанса и од веќе докажани имиња, а некои од нив се повеќекратни победници на фестивалот. Посебен впечаток оваа година остави сплетот од познатите макфестовски рефрени изведени од штипскиот состав „Музика вива".



Макфест ја продолжи минатогодишната практика да нема награди, што според организаторите ја релаксира атмосферата и зад сцената се враќа дружбата меѓу колегите, по која учесниците го паметат фестивалот. Сепак, некои од пејачите се уште жалат по возбудата која ја носи неизвесноста околу доделувањето на наградите.
Општиот впечаток е дека Макфест и оваа година го потврди својот статус како најреномиран фестивал и понуди квалитетна музика. Уметничкиот директор Роберт Саздов, заедно со својот тим се потрудија фестивалот годинава навистина да биде „музичка симфонија за цела Македонија". Со одлични настапи се издвоија Андријана Јаневска, Ламбе и Полина, Бојана Скендеровски, Зоран Илиев и Боно, Огнен Здравковски….и секако групата Љубојна, која разбриливо пееше за љубовта.

Витаминка и оваа година го помогна одржувањето на овој реномиран фестивал и со тоа уште еднаш придонесовме за афирмација на македонската современа музичка сцена.

*Фестивали и спонзорства*

# Детската театарска претстава „Другаруваме" зачинета со Лооп



Секоја недела е вистински детски празник во Синеплекс, во Сити мол затоа што тоа е денот кога се организираат иновативни детски игри и незаборавни театарски претстави. Но, на одржувањето на детската театарска претстава „Другаруваме" беше уште повозбудливо затоа што тука беа и тортичките ЛООП.

Како посебна и вкусна закуска, ЛООП го направија уживањето во претставата уште поголемо и послатко.







*Фестивали и спонзорства*

# Фестивал на чоколадото и на слаткото уживање

Деветта година по ред во мега маркетот МОНТЕНЕГРО се одржа „Фестивалот на чоколадото". Во текот на трите дена, колку што траеше фестивалот, имаше дегустација и презентација на најубавите чоколада.

Се беше посветено на уживање во различните чоколадни вкусови, на парчиња, цели табли, течно во чоколадни фонтани а се доделуваа и чоколадни награди преку учество во лотарија со вртење на тркалото на среќата.

На фестивалот се претставија повеќе од 8 брендови на чоколади, од најголеми македонски фабрики за чоколади и повеќето меѓународни производители на производи направени од чоколада. Тука беа Витаминка, Пионир, Милка, Линдт – Линдор, Schogetten, Атлантик со програмата Киндер фереро и Најлепше желје.









Фестивалските денови беа исполнети со вкусни задоволства, промоции, забавни активности и многу изненадувања, како и дегустација на разни видови чоколади и невообичаени ретки видови на чоколада: темна, рубинова, солена,

Фестивалот беше од продажен и изложбен карактер, но најмногу овозможи бескрајна радост и уживање во чоколадото.



*Рецепт*

# Tastify ќе сведочи за бескрајна кулинарска фантазија и вештини

По примерот на многу познати кулинарски платформи, од неодамна започна да функционира платформата на Витаминка наречена Tastify.mk. Со оваа платформа се создава заедница и збир на едно место каде што посетителите ќе може да најдат, но и да споделат рецепти од нивните омилени јадења, како и кулинарски практични совети.

Идејата на оваа платформа е да прерасне во релевантен извор каде лесно и брзо секој ќе може да пронајде идеја и рецепт кога нема инспирација што да зготви во денот. Самата платформа е замислена да претставува заедница на вљубеници во готвењето и вкусната храна.

Преку платформата и пласираните содржини, исто така ќе може да се рекламираат и промовираат сите производи од палетата на Витаминка. Пласирањето на нова содржина, сопствен рецепт или вкусно јадење може да се направи со регистрација на платформата и редовно споделување содржини и омилени рецепти.

Tastify е достапен со свои профили и на социјалните мрежи Instagram и Facebook каде следењето е слободно и отворено.










## Торта Луна





**Потребни состојки за пандишпан:**
5 јајца
15 лажици шеќер
15 лажици масло Брилијант
15 лажици млеко
15 лажици брашно
1 прашок за печиво Витаминка
1 ванилин шеќер Витаминка

**Чоколаден фил:**
Луна крем

**За декорација:**
Шлаг крем на Витаминка
150 милилитри млеко

**Подготовка на пандишпанот:**

Во длабок сад ги матите со миксир белките со постепено додавање на шеќерот се до нивно згуснување. Потоа ги додавате млекото и маслото и миксирате кратко. Потоа го додавате постепено брашното, соединувате со шпатула или рачна маталка. На крај ги додавате прашокот за печиво и ванилинот шеќер. Смесата ја делите на два еднакви дела. Едниот дел од смесата го ставате во плех кој е претходно обложен со хартија за печење. Печете во загреана рерна на 180 степени кратко и ја вадите тортата од рерна. Потоа го додавате чоколадниот крем Луна и го додавате останатиот дел од смесата. Печете на истата температура.

Во сад го матите шлаг кремот со 150 милилитри млеко. Кога шлагот ќе ја добие посакуваната густина, рамномерно ја премачкувате тортата.

На здравје!

ВИТАМИНКА®

www.vitaminka.company

# Празнично патување

## низ светот на вкусовите

